# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНАТА БИТОЛА

Службено гласило на Општината Битола излегува по потреба

www.bitola.gov.mk

**Број 9, година XLVI**
**Четврток, 11.06.2016**
Битола

e-mail:bitola@t-home.mk

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), донесувам

### З А К Л У Ч О К
### за објавување на Одлуката за доделување финансиска помош за настраданите од поплавите во Република Македонија во месец август 2016 од Буџетот на Општината Битола

1. Ја објавувам Одлуката за доделување финансиска помош за настраданите од поплавите во Република Македонија во месец август 2016 од Буџетот на Општината Битола, донесена на вонредната седница на Советот на Општината Битола одржана на 10.08.2016 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-955/1 ГРАДОНАЧАЛНИК
11.08.2016 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на вонредната седница одржана на 10.08.2016 година, донесе

### О Д Л У К А
### за доделување финансиска помош за настраданите од поплавите во Република Македонија во месец август 2016 од Буџетот на Општината Битола

**Член 1**

Со оваа Одлука се доделува финансиска помош за настраданите од поплавите во Република Македонија во месец август 2016 од Буџетот на Општината Битола во износ од 1.000.000 (еден милион) денари.

**Член 2**

Средствата ќе бидат издвоени од Буџетот на Општина Битола - ставка 464990-Разни трансфери, Програма А0-Совет на Општината и истите да бидат префрлени на наменската сметка на Фондот за солидарност.

**Член 3**

Се задолжуваат сите ЈКП на територијата на Општина Битола да ги ставаат на располагање своите ресурси за помош на настраданите од поплавите и се препорачува на органите на управување на јавните претпријатија во рамките на своите финансиски можности да донесат одлуки за доделување на средства на настраданите од поплавите.

Примерок од одлуката да се достави до сите јавни претпријатија на територијата на Општината Битола.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-82/3 ПРЕТСЕДАТЕЛ
10.08.2016 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

# С О Д Р Ж И Н А

О Д Л У К А за доделување финансиска
помош за настраданите од поплавите во
Република Македонија во месец август 2016
од Буџетот на Општината Битола ........................ 1

**Издавач: Општина Битола**
**тел. 047 234 234; 047 208 300**

Буџет на Општина Битола
Сметка: 703014002963013 Народна банка на Р.М.
Д.Б. 4002996128471
Приходна Шифра 725211